# КАРПОШ
# неделен Е - БИЛТЕН










**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

17 - 23 јуни 2019 Билтен бр. 326

# КАРПОШ НА НУТРИКОН 2019: ХРАНАТА КАКО ЛЕК




Општина Карпош, од 12 до 14 јуни 2019, во Охрид учествуваше на меѓународната манифестација НУТРИКОН 2019. На оваа средба на научници, лекари, фармацевти, стоматолози и стопанственици свои научни и стручни трудови презентираа 80 лица од 30 земји од регионот и пошироко. На неа беа презентирани најновите достигнувања од областа на контролата и безбедноста на храната, нутриционизмот и здравството.

Како членки на Европското тело за хигиенски инженеринги дизајн, Општина Карпош преку својот претставник М-р Ирена Калајџиева Милевска активно учествуваше во овој меѓународен настан чија цел е промовирање на новите научни трендови во Европа и усогласување на законските регулативи на земјите учеснички со европската рагулатива.

Особен интерес кај присутните предизвика научниот труд за





влијанието на храната врз некои тешки заболувања во дигестивниот тракт и на дебелото црево и лекување со трансплантација на цревна микрофлора, односно микробион, во насока на лечење на тешки малигни заболувања.

Како секоја година, и ова присутните ја искористија оваа средба за меѓусебно запознавање и вмрежување за размена на знаење и идеи. Од претставувањата на учесниците произлезе и Книгата на апстракти која е збирка на сите научни и стручни трудови претставени на конгресот Нутрикон 2019.



## НОВО ЗЕЛЕНИЛО НА „ДЕЛФИНА“



Откако во претходниот период хортикултурно беа уредени жардиниерите во Порта Влае, деновиве поставивме нови грмушки и зеленило на платото „Делфина“ во Влае 2., со што овој плоштад доби нов, освежен лик.

Општина Карпош продолжува со секојдневното подигнување и заштита на зеленилото.

Во изминатиот период беа засадени и 287 нови дрвја во Карпош, а хортикултурно се уредија и повеќе платоа и јавни површини: платото во Карпош 3, на „Млечен“, Педагошка, како и зелени површини во Тафталиџе 1 и Тафталиџе 2.









# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПРОЕКТИ ОД СПОРТОТ



Со мнозинство на гласови, советниците на 24. Седница на Советот на Општина Карпош ја изгласаа Одлука за одобрување финансиска поддршка на проектот „Школа за пливање, на проектот „Преку игри без граници за разрешување на конфликти", а беа одобрени и финансии за „Забавни спортски игри".

Членовите на Советот ја изгласаа и Програмата за изменување и дополнување на активноститре на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 – та година. Исто така, беше усвоена измената на распоредот на средствата на Буџетот на локалната самоуправа за 2019 година.

На седницата беше донесена и одлука за отпочнување со работа на објектот со проширени просторни услови на ЈУОГД „Мајски Цвет" во објектот „Јасмин" на ул. „Женевска" бр.4.

Правилниците за систематизација на работните места во четирите детски градинки („Мајски Цвет", „Распеана Младост", „Орце Николов", и „Пролет" ) кои функционираат на територијата на локалната самоуправа, исто така беа изгласани од мнозинството од советниците. На оваа седница се донесоа и одлуките за давање на согласност за започнување на постапка за издавање под закуп на спортските сали на општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош за наредната учебна година 2019/2020, како и согласност за започнување постапка за издавање под закуп на училишен простор (училници, холови, продавници, магацински простор, помошни училници, подрумски простори и друго) на основните училишта од територијата на локалната самоуправа за учебната 2019/2020 година.

Со одлука на Советот беа одобрени средства за плаќање на надоместок за персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување за невработени лица , ангажирани за вршење на јавни работи.

# БОГОЕВ НА ЕВРОПСКИОТ КОМИТЕТ НА РЕГИОНИ: КАКО ДО ПОЕФИКАСНА ЛОКАЛНА ВЛАСТ




Градењето на поефикасна локална самоуправа, осврт на целокупната политичка рамка и меѓувладините односи се причина за дводневниот состанок –Ден на проширување/Enlargement day на Заедничкиот консултативен комитет – Европски комитет на региони, во Брисел, Белгија, на кој присуствува и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, заедно со градоначалници на други општини од Република Северна Македонија.



Во текот на првиот ден од состанокот, се одржа тематска дебата за јакнење на доброто владеење, при што за општините во Република Северна Македонија беше истакнато дека е потребно да постои поефективен и поефикасен систем на локална самоуправа, како еден од клучните показатели коишто треба да се земат предвид при проценка




на степенот на усогласеност со политичките критериуми за пристапување кон Европската Унија.

Во панел дискусијата, се приклучи и градоначалникот Богоев кој зборуваше за актуелните состојби со кои се соочени општините во нашата држава, начинот на финансирање на истите и предизвиците кои претстојат.

Општина Карпош е пример на единица на локална самоуправа која има успешна соработка со Европската Унија во реализацијата на повеќе значајни проекти. Токму минатата недела, беше отворена целосно нова градинка во Бардовци, која е финансирана од ЕУ. Исто така, Општината е во постапка на изведба на Спортско - Адреналински парк, при што е добиен грант од Европската Унија, а ќе се спроведува преку Светска Банка.

Во текот на вториот ден од состанокот, ќе се одржат дискусии на тема: Дали ЕУ финансирањето шири демократија и владеење на правото, а ќе стане збор и за локалниот социо – економски развој. Како панел дискутанти ќе се обратат Карл Хејнц Ламбертц, претседател на Европскиот Комитет на региони, Џорџе Чиамба,



министер делегат за европски прашања (Романско претседателство на Советот на ЕУ), градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов, европскиот комесар за европска соседска политика и преговори за проширување, Јоханес Хан и др.





# ОБУКА ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ НА РАБОТНОТО МЕСТО

Во работните простории на ООУ „ Лазо Трповски“, во петокот се одржа обука за ракување со противпожарни апарати, како и за безбедносна евакуација при настанување на пожар. Како што нагласи и раководителот на Одделението за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра при Општина Карпош Раде Мицкоски, оваа обука е со цел, вработените во локалната самоуправа и вработените во ООУ „Лазо Трповски“, да стекнат основни знаења и вештини при ракување со овие противпожарни апарати.

-Безбедноста и заштитата на работното место кај секој вработен е една од најбитните предуслови при функционирањето на работата. Само безбеден и заштитен вработен , може да биде и ефективен и ефикасен работник, нагласи Мицкоски.

На обуката учествуваа вработени во локалната самоуправа, како и вработен наставен кадар од ООУ „Лазо Трповски“.



